Врз основа на член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија(„Службен весник на РМ број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/130, 41/14,138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18 и 35/19 и Службен весник на СРМ број 275/19) и член 51 став 3 од Статутот на Општина Штип (Службен гласник на Општина Штип број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 13/14 и 5/21), градоначалникот на Општина Штип донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА – ДИРЕКТОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ „ИСАР" ШТИП**

1. За вршител на должноста - директор на ЈП Јавното претпријатие за комунално производни и услужни дејности „Исар"Штип **се именува Трајче Здравков од Штип** сметано од 27.10.2021 година.

2. Должноста ВД директор на ЈП„Исар" Штип, Трајче Здравков ќе го врши до изборот на директор на јавното претпријатие.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип".

О б р а з л о ж е н и е

На ден 21.10.2021 година од градоначалникот на Општина Штип на лично барање на Здравко Коцев е донесено решение за разрешување на вршителот на должност директор на ЈП„Исар" Штип број 09-5576/2.

Со член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/130, 41/14,138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18 и 35/19 и Службен весник на СРМ број 275/19) е утврдено дека до изборот на нов директор градоначалникот на општината во рок од 5 дена од донесувањето на одлуката за разрешување, именува вршител на должност директор на јавното претпријатие но не подолго од 6 месеци.

Поради горе наведеното, се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поведе спор пред надлежен основен суд во рок од 15 дена од денот на приемот.

Број 09-5576/3
27. 10. 2021 година

м.к

Општина Штип
Градоначалник,
Иван Јорданов

Scanned with CamScanner